Easy-to-read publication

on supported decision making



# Decider: Enhancing life experiences for adults with special learning needs, trainers, and parents through supported decision-making

2020-1-PL01-KA204-081965

Erasmus+ program, KA2 Action, Strategic Partnership

Co-funded by the Erasmus+ Programme of the European Union

Decider

**„Лесно читлива публикација за поддржано донесување одлуки“** е резултат на соработка помеѓу партнерите на конзорциумот на ОДЛУЧУВАЧ Еразмус+ Проект.

| Организација | Веб сајт |
|---|---|
| Полско Здружение за лица со интелектуална попреченост (ПСОНИ) | www.psoni.org.pl |
| Литванско здружение за грижа на лица со интелектуална попреченост "Вилтис" | https://viltis.lt/lt/ |
| Здружение за активизам, едукација, култура и уметност Граѓаснки центар АктивУМ | https://aktivum.org.mk/ |
| Центар за стручно оспособување Маргарита | www.eeamargarita.gr |
| Фондација Поддршка Жирона | https://www.supportgirona.cat/ |
| Фондација Кампус Арнау д’ Ескала | https://www.campusarnau.org/ |

## Дали имаш право да побараш помош за да донесеш одлука?



Понекогаш лицата со посебни потреби за учење се соочуваат со тешкотии при донесување одлуки за нивните животи.



Лицата со посебни потреби за учење се лица кои се соочуваат со тешкотии во учењето нови работи.



Право е на лицата со посебни потреби за учење да побараат од некој да им помогне во донесувањето одлуки.

# Што е право?

Сите луѓе имаат права.

Правата им помагаат на лицата да ги задоволат своите потреби.



Правата постојат
да ги заштитат лицата
од други луѓе
кои можеби сакаат
да им наштетат.

Некои стандардни права се:



- Да имаш храна,



- Да имаш дом,




- Да одиш на училиште,



- Да одиш на лекар и во болница кога си болен,



- Да бидеш платен за својата работа,



- Да живееш безбедно.



Владите  треба да
прават правила
кои ги задоволуваат
овие права.

Ние ги нарекуваме
овие правила кои
се направени од влада
закони.

# Кој ги предлага законите за правата?



Владите
од сите земји
на светот
избраа закони
и се согласија:




- Да се грижат за правата на сите луѓе,
- Да се грижат сите луѓе да можат да живеат мирно без војна.



Има луѓе
кои препорачуваат
нови закони
на владите.

United Nations

Тие работат на место
наречено Организација на
Обединетите Нации.
Оваа Организација ја нарекуваме
и ООН.

# Каде можеш да ги најдеш твоите права?




Луѓето кои работат
во Обединетите нации ОН
напишаа книга
за сите права
на лицата со попреченост.




Оваа книга ја нарекуваме
Конвенција за Правата на
Лицата со Попреченост.

Лицата со
посебни потреби за учење
се лица со попреченост.

## За што зборува конвенцијата?




Конвенцијата на ОН
зборува за сите права
кои лицата со попреченост
ги имаат.



Конвенцијата на ОН вели
дека имаш право
да побараш помош
при донесување одлука.



Кога бараш помош
за одлуките
ние тоа го нарекуваме

**S**upported
**D**ecision
**M**aking
or **SDM**

# Што е Поддржано Донесување Одлуки?

Поддржано Донесување Одлуки е кога:



- Некој ти помага да донесеш свои одлуки.
- Некој те поддржува кога одлучуваш за работи што ги сакаш или ти требаат.



Можеш да избереш
да побараш помош
од некој роднина.

На пример,
твојот татко, мајка, брат, сестра,
вујко, тетка или братучед.



Исто така, можеш да избереш
да побараш помош од Сервис за
Поддржано Донесување Одлуки
во твојата Организација.

# Кој ќе ти помогне да одлучиш?



Во Сервисот Поддржано Донесување Одлуки можеш да избереш личност на која и веруваш за да те поддржува.

Оваа личност се нарекува **поддржувач**.

**Поддржувачот** може да ти помогне:




- Да најде информации што ти се потребни пред да донесеш одлука.




- Да ги разбереш различните опции.



- Да разбереш

дали одлуката

може да биде добра или лоша.



- Да ја споделиш твојата

  одлука со други луѓе.



Во оваа услуга

има и опција

да имаш лице

кое ќе ти помага да провериш

дали работите се направени

онака како што сакаш.

Оваа личност се нарекува

**олеснувач**.

## Кои се чекорите што треба да ги следиш?



Во Поддржано Донесување Одлуки треба да потпишеш Договор.




Договорот е документ
кој мора да го потпишеш со:
личноста што ја избра
да ти помогне
со твоите одлуки.
Со други зборови,
со твојот **поддржувач**.



Можеш да избереш некој
да ти помогне да
провериш дали работите се
завршени како што сакаш.

Со други зборови, можеш да
избереш да имаш **олеснувач**.

Ако не си задоволен од твојот поддржувач,
можеш:



- Да побараш од твојот олеснувач да разговара со твојот **поддржувач**.



- Да побараш да го смениш твојот **поддржувач**.



- Да го раскинеш договорот.

Во овој договор ти кажуваш
**каде ти е потребна поддршка во твојот живот.**
Со други зборови, во кои одлуки ти треба помош.

## При донесување на какви одлуки можеш да побараш да ти се помогне?

Постојат различни видови на одлуки,
како што се:



- Набавка




- Користење интернет



- Управување со пари



- Грижа за сопственото здравје



- Вработување

# Еве еден пример!

Џон е млад човек, 28 години,

со Даунов синдром.

Студирал за Земјоделски техничар.

Џон живее со своите родители.




Џон не сака неговите родители да одлучуваат

за работите што го засегаат.

Сака да одлучува сам.

Тој сака да биде автономен.

Родителите на Џон се среќни за тоа како Џон сака да биде

понезависен.



Секој ден Џон донесува различни одлуки за својот живот.

Тој одлучува за:

- Облеката што ќе ја носи.
- За неговите излегувања со пријателите.
- Како да ги троши своите пари.



Кога на Џон му е тешко да донесе одлука,

тој бара помош од луѓе на кои им верува.

Џон има доверба во своето семејство и во психологот.



Пред некое време, Џон размислуваше што би сакал да работи.
Сака да работи за да може сам да си ја заработи платата.
Ова би го направило многу среќен.

Џон, сепак, не беше сигурен дали може да работи.
Во меѓувреме, тој не знаеше што треба да направи за да најде работа.

Џон ги сподели своите размислувања со семејството и со психологот.



Сите му дадоа поддршка на Џон за одлуката.

Џон конечно одлучи дека треба да оди во тренинг центар.

Услугата опфаќа:

- Обука на професионалните вештини на Џон.
- Поддршка и советување кога му е потребно.
- Наоѓање работа што одговара на неговите потреби.



Џон беше презадоволен од услугата и поддршката што ја доби.

За Џон наоѓањето работа беше најважната одлука во неговиот живот.

## Еве една апликација која исто така може да ти помогне!



Новите технологии им помагаат на лицата со посебни потреби за учење да ги подобрат животните искуства.

Новите технологии се користат и во Поддржано Донесување Одлуки.




Во проектот **Одлучувач**, партнерите создадоа апликација. Одлучувач апликацијата им помага на лицата со посебни потреби за учење во донесување одлуки.



Понекогаш, при донесување одлука, треба да го избереш најдоброто решение меѓу многуте опции.

Твојот избор зависи од можностите, потребите и од тоа што ти се допаѓа.




Во апликацијата можеш да ги собереш можните решенија. Ќе видиш некои важни информации за достапните решенија.




Можеш исто така да ги вметнеш твоите потреби. Апликацијата ќе ти покаже кое решение би можело да биде најдоброто за тебе.




Запомни конечната одлука ќе биде донесена само од тебе, не од апликацијата.

Правна рамка Авторство-Споделување
под исти услови 4.0 Меѓународна

CC BY SA

For more information, please visit our website:

HYPERLINK "http://decider-project.eu/" http://decider-project.eu/

Contact information:

zg@psouu.org.pl

Co-funded by the
Erasmus+ Programme
of the European Union

Decider

Disclaimer:
This project has been funded with support from the European Commission.
The European Commission's support for the production of this publication
does not constitute an endorsement of the contents, which reflect the views
only of the authors, and the Commission cannot be held responsible for any use which may
be made of the information contained therein.